Врз основа на член 12 став (8) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука, донесе

ПРАВИЛНИК

за дополнување на Правилникот за начинот и постапката за избор на наставници за основно образование за вршење на воспитно- образовна работа за децата на државјаните на Република Северна Македонија кои се со постојан или привремен престој во странство

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката за избор на наставници за основно образование за вршење на воспитно- образовна работа за децата на државјаните на Република Северна Македонија кои се со постојан или привремен престој во странство број 12-8133/1 од 28.08.2020 година, во член 5 во став (1) алинејата 1 по зборовите „мајчин јазик“ се додават зборовите „(VII/1 степен,односноVI А според Македонската рамка за квалификации или со 240 ЕКТС)“.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„ (2) Искуството на наставниците кои веќе се ангажирани за реализирање на воспитно-образовна работа за децата на државјаните на Република Северна Македонија кои се со постојан или привремен престој во странство се зема во предвид како стаж на наставникот во основно училиште.“

Ставот (2) станува став (3).

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Бр. 12-2805/1Министерка **с.р Мила Царовска**

15.02.2021 година

Скопје